Врз основа на член 108 од Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11…178/16 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22), Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, ги донесе следните

ПРАВИЛА ЗА ИНТЕРНЕТ ОБЛОЖУВАЊЕ ВО ВИДЕОЛОТАРИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Овие специфични правила важат за онлајн обложување во Видеолотарија, кои се приредуваат од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија со седиште во Скопје на бул. Гоце Делчев бр. 8, во понатамошниот текст како (Приредувач). Општите правила и услови за игри за користење на веб страната megawin.mk и за учество во интернет игри на среќа на веб страната megawin.mk и користење на услугите што се нудат таму, одобрени од Министерството на финансите, ќе се однесуваат на сè што не е регулирано во овие конкретни правила.

1.2. Овие правила ги обврзуваат приредувачот и учесникот и тие се должни во целост да ги почитуваат.

1.3. Учесникот со уплатата на влогот во играта на среќа ги прифаќа и се согласува да ги почитува одредбите кои се уредени со овие правила, општите правила и услови и останатите важечки правила за учество во интернет игрите на среќа на приредувачот.

2. ДЕФИНИЦИИ

2.1. Видеолотариски игри се игри на среќа кои се играат преку платформата за интернет игри на среќа, каде што резултатот од игрите (одлуката за добивка или загуба) се генерира со помош на електронски или механички генератор на случајноста (генераторот на случајни броеви) на компјутерски сервер на приредувачот на играта на среќа.

2.2. Видеолотариските игри се приредуваат за забава и можност учесниците во игрите да остварат добивка.

2.3. Видеолотариските игри се приредуваат 24/7 во текот на целата година.

2.4. „Платформа“ е системот за интернет игри на среќа на приредувачот, преку кој учесникот го остварува своето учество во интернет игрите на среќа. Учесникот пристапува на платформата со повикување на веб страната www.megawin.mk или преку други онлајн или мобилни апликации понудени од приредувачот.

2.5. Видеолотариските игри содржат еден или повеќе графички интерфејси и/или нивоа со резултати од играњето добиени со помош на генератор на случајни броеви и се состојат од, но не се ограничени на, шеми од броеви и/или симболи кои ги дефинираат добитните односно недобитните комбинации.

2.6. „Линија“ или „Линии“ се можните добитни комбинации на низи на броеви и/или симболи кои се предвидени во логиката на поединечната игра. Линиите и другите добитни комбинации и висината на можните добивки се опишани и достапни во упатствата за секоја поединечна игра.

2.7. Вртење или „Спин“ е поединечно обложување во текот на играта на избраниот број на „Линии“ или друг избор на броеви, бои или симболи предвидени во играта.

2.8. „Џек-пот“ („Jackpot”) се дополнителни добивки кои играчот може да ги оствари независно од висината на влогот во спинот и независно од тоа дали во спинот е остварена добитна или недобитна комбинација. Износот на овие добивки расте прогресивно преку додавање на определен процент од влоговите во една игра и/или група игри. Видеолотариските игри може истовремено да имаат повеќе независни Џек-пот фондови за добивки.

2.9. „Бесплатно вртење“ („Free spin“) е спин во играта во кој учесникот може да оствари добивка без да вложува сопствени средства/поени за играње.

3. УЧЕСТВО ВО ИГРАТА

3.1. За да може да учествува во видеолотариските игри, учесникот треба да има доволно расположливи средства на неговата сметка за игри на платформата за играње.

3.2. Приредувачот не наплаќа посебен надомест од учесниците во интернет игрите на среќа за учество во видеолотариските игри.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup

3.3. Приредувачот за секоја поединечна видеолотариска игра утврдува износ на минимален и максимален поединечен влог по спин.

3.4. Приредувачот го задржува правото за промена на минималниот и максималниот износ на поединечен влог по спин на играта на среќа, во текот на приредувањето на видеолотаријата, но само по завршување игрите кои се во тек.

3.5. Приредувачот е должен да ги извести учесниците во играта на среќа за висината на актуелните минимални и максимални влогови по спин и/или почетни депозити за учество во играта преку веб страната за интернет игри на среќа.

3.6. Паричниот депозит и влог во играта може да биде претставен во вид на поени за игра. Сообносот помеѓу паричната единица на корисничката сметката и бројот на доделени поени во играта приредувачот го утврдува за секоја поединечна игра одделно.

3.7. Сите износи и промени на минимални и максимални депозити, минимални и максимални влогови, парична вредност на поени за игра, приредувачот ги утврдува со одлука, која е објавена на веб страната за игри на среќа на приредувачот и достапна за учесниците во игрите на среќа.

3.8. Учесникот за секој спин го избира износот на влогот од достапниот депозит или поени во играта, според достапните износи на влогови во играта, како и линиите или комбинациите на броеви, бои и/или симболи на кој се обложува за тој спин од предвидените во упатствата на играта. Во случај на „Free spin" учесникот ги избира само линиите или комбинациите на броеви, бои и/или симболи на кој се обложува за тој спин.

3.9. Во текот на играта, учесникот со секој спин има можност да оствари и Џек-пот добивка од овозможените Џек-пот награди за дадената игра.

3.10. Приредувачот на учесникот во играта на среќа преку својата платформа ќе му обезбеди увид во сите обложувања направени од учесникот, како и остварените добивки од тие обложувања.

4. УТВРДУВАЊЕ НА ДОБИВКА

4.1. Резултатот од секој поединечен спин на било која видеолотариска игра мора да биде веднаш јасно означен на екранот на учесникот заедно со висината на евентуалната добивка.

4.2. Добитна комбинација е онаа комбинација на броеви и/или симболи која е остварена во спинот на играта и е предвидена како добитна во „Линиите" или другите комбинации означени од учесникот предвидени во упатството на играта.

4.3. Износот на остварената добивка по завршувањето на играта се додава на износот на расположливите средства за игра и може веднаш да се употреби како влог во следните спинови на играта.

4.4. Приредувачот на корисничката сметката на учесникот ќе го одобри износот на добивката намален за сите законски пропишани даноци и давачки.

4.5. Персоналниот данок на доход и останатите законски предвидени давачки од учество во интернет играта на среќа паѓаат на товар на учесникот кој ја остварил добивката.

4.6. Приредувачот ќе го пресмета и уплати персоналниот данок на доход на играчот на законски предвидениот рок и начин.

5. ПРАВИЛА ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕКИН

5.1. Доколку се случи прекин на комуникацијата во текот на спинот, софтверот автоматски ќе ја доврши играта во име на учесникот. Учесникот може да го провери резултатот од спинот во логовите на играта откако повторно ќе се најави на платформата.

5.2. Доколку се случи прекин во играта на среќа, приредувачот ќе му овозможи на учесникот да ја продолжи и заврши играта која што е прекината веднаш по отстранувањето на причините поради кои настанал прекинот.

5.3. Доколку приредувачот не може да му овозможи на учесникот да ја продолжи и заврши играта која што е прекината, на учесникот ќе му го надомести влогот од прекинатата игра на корисничката сметката на учесникот.

6. ИСКЛУЧИТЕЛНИ ОКОЛНОСТИ

6.1. Приредувачот го задржува правото, по своја дискреција, да прогласи определен облог за неважечки доколку се сомнева дека: (1) облогот е објавен, поставен и/или прифатен поради грешка; или (2) облогот е поставен и прифатен откако настанот (играта) ќе започне.

6.2. „Грешка“ може да биде човечка грешка, печатна грешка, погрешно разбирање на печатениот текст или усна изјава, погрешен превод, правописна грешка, техничка грешка, грешка во регистрацијата, грешка во трансакцијата, грешка во најавата, виша сила (виша сила) и/или слични околности.

6.3. Кога ставате облог, доколку се случи некоја од околностите опишани во точка 6.2. резултатот од облогот се одредува според правилата на соодветната игра.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овие правила стапуваат на сила по добивање на согласноста од страна на Министерството за финансии, а се применуваат од денот на нивното објавување на веб страната за игри на среќа на Приредувачот.

Бр. 02 - 7430/6

03.11 **2023 година**

УПРАВЕН ОДБОР

Претседател

Perparim Bajrami

Акционерско друштво за приредување игри на среќа и стопанска дејност Државна лотарија на Република Северна Македонија СКОПЈЕ

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup